**ПРЕЗЕНТАЦИЈА ВО ИНСТИТУТОТ ЗА УМЕТНОСТ, ФОЛКЛОРИСТИКА И ЕТНОЛОГИЈА. М.Т. РИЛСКИ ПРИ НАЦИОНАЛНАТА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ НА УКРАИНА, НА ТЕМА: „ИНТЕРДИСЦИПЛИНАРНИ ИСТРАЖУВАЊА ВО МАКЕДОНСКИТЕ ХУМАНИТАРНИ НАУКИ“**

На 15 февруари 2018 година во Киев, во Институтот за уметност, фолклористика и етнологија. М.Т. Рилски при Националната академија на науките на Украина (Інститут мистецтвознавства, фольклористики та етнології ім. Р.Т.Рильського НАН України) се одржа презентација на проф. д-р Билјана Ристовска-Јосифовска од Институтот за национална историја, на тема: „Интердисциплинарни истражувања во македонските хуманитарни науки“ (“Interdisciplinary Researches in Macedonian Humanities”). Настанот беше организиран на иницијатива на проф. д-р Оксана Микитенко, проф. д-р Лариса Вахнина и директорот акад. Ганна А. Скрипник. Презентацијата ја водеше проф. д-р Галина Б. Бондаренко, а беше проследена од акад. Олексеј С. Онишченко, проф. д-р Валентина К. Борисенко, научниот секретар д-р Лилија В. Пасичник и други ценети колеги и гости. Научниот осврт на презентацијата беше насочен кон интердисциплинарните истражувања во областа на македонските хуманитарни науки, со фокус на работата на историчарите и нивната вклученост во научноистражувачки проекти и публикации, како и соработката со институции од Македонија и странство на теми од различни научни области (етнологија, јазик и сл.). Во таа низа важно место зазема долгогодишната соработка помеѓу националните академии на Македонија и на Украина. Акцентот беше ставен и на дејноста на Институтот за национална историја во организирањето на интердисциплинарни проучувања и студии, разгледувани низ историски дискурс сè до денеска. Во таа смисла беа истакнати меѓународните проекти, меѓу кои посебно актуелниот проект „Размена на знаења и академски култури во општествените науки, Европа и регионот на Црното Море“ (“Knowledge Exchange and Academic Cultures in the Humanities. Europe and the Black Sea Region”), финансиран од European Union’s Horizon 2020 research and innovation programme, во чијашто работа спаѓа и оваа презентација.








